# ПZUSД

КОНЦЕПТ 2: ДОКАЗ ДЕКА ГРАВОТ Е ПРАВАТА, ЕДИНСТВЕНА И УНИВЕРЗАЛНА ВИСТИНА / СТЕВЧЕСКА СЛОБОДАНКА / 9.04.1999 - 20ч. / ГАЛЕРИЈА / ЗАВОД И МУЗЕЈ - БИТОЛА



Баналноста како вистина - еден секојдневен предмет, хранлив продукт да се воведе во подрачјето на уметничкото и при тоа тој истиот да се сведе на ниво на сематнички приказ. Она што од страна на авторката е означено - грав - не е присутно вистински; присутен е претпоставениот изглед на гравот и тоа, еднаш поаѓајќи од надворешната реалност, другпат од внатрешната, еднаш како име, поим и другпат како Ништо кое можеби и ветува нешто. Авторката си поигрува или едноставно си игра со потсвеста и свеста, со рационалното и ирационалното, хуморот и сериозноста, читливото и нечитливото, за да стигне до универзалната вистина, а таа е - апсурдот, кој за неа претставува точна претпоставка. Она што е означено како обид за реална претстава или како делумно потсвесна активност, како збор или како претстава на Ништото, е супституција за вистинската материјалност. Наместо тоа, се добива онтолошко присуство. Она што е запакувано не е грав, а можеби и е, но во секој случај не наведува да размислиме за неговото значење. Така во она што е банално, без дух, обично, секојдневно, недоволно вредно, просто, го откриваме моментот на вистинитоста, односно невистинитоста, односно зарем е важно што е едното, а што другото.

Билјана Петровска - Исијанин